...

Државен завод за статистика



# Инпут-аутпут табели

## ЕС_ИН-АУТ_А_МК_2020_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за пресметка на БДП по расходен метод | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Лидија Кралевска | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| lidija.kralevska@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| (02) 3295-686 | |
| **1.8** | **Факс** |
| | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| | |

## 2.3 Последно ажурирање на метаподатоците

16.11.2023

# 3 Статистичка презентација

## 3.1 Опис на податоците

Симетричната инпут-аутпут табела е матрица "производ по производ" или "дејност по дејност", која ги опишува подетално домашните процеси на производството и трансакциите со производи во националната економија. Симетричната инпут-аутпут табела "производ по производ" ги опишува технолошките односи помеѓу производите (колку производи се потребни за производство на секој производ без оглед на производствената дејност), додека симетричната инпут-аутпут табела "дејност по дејност" ги опишува односите помеѓу дејностите (за секоја дејност употребата на производи од други дејности).
Симетричната инпут-аутпут табела се изведува со трансформација на табелите за понуда и употреба по основни цени. Основната концепциска разлика помеѓу табелите за понудата и употребата на стоки и на услуги и симетричните input-output табели е што во првите се вкрстуваат податоци по производи во редовите со податоци по дејности во колоните, а во вторите се вкрстуваат податоци по производи во редовите со податоци по производи во колоните или податоци по дејности во редовите со податоци по дејности во колоните.
Колоните во левиот дел од симетричната input-output табела ја покажуваат вредноста на производите и услугите што се употребени како инпути во процесот на производство на секоја група на производи, а во долниот дел се распределени компонентите на додадената вредност создадени низ процесот на производство на таа група на производи.
Колоните во десниот дел од симетричната input-output табела ги покажуваат податоците за финална употреба кои се исти како и во табелата за употреба по основни цени. Збирот на секоја колона во симетричната input-output табела е еднаков на вкупната понуда (производство плус увоз) по основни цени, за секоја група на производи, прикажана по редови во табелата за понуда. Збирот на секој ред во симетричната input-output табела е еднаков на вкупната употреба (меѓуфазна потрошувачка плус финална употреба) по основни цени, за секоја група на производи, прикажана по редови во табелата за употреба по основни цени. Во симетричната инпут-аутпут табела постои еднаквост помеѓу редовите и колоните. Збирот на секоја колона во симетричната инпут-аутпут табела е еднаков на збирот на соодветниот ред.

## 3.2 Систем на класификации

Класификација на производи по дејности, КПД.

## 3.3 Опфат на сектор/и

Оддели од Класификацијата на производи по дејности, КПД.

## 3.4 Статистички концепти и дефиниции

Симетричните инпут-аутпут табели се составуваат врз основа на методолошките концепти, дефиниции и класификации што се препорачуваат во "Прирачникот за инпут-аутпут табели" на ЕВРОСТАТ. Симетричните инпут-аутпут табели се изведуваат со трансформација на табелите за понуда и употреба по основни цени. Врз база на табелата за понуда и применетиот метод, процесот на трансформација ги преуредува, само колоните на меѓуфазната потрошувачка во табелата за употреба по основни цени. Во оваа трансформација податоците за финална употреба остануваат исти како и во табелата за употреба по основни цени.
Може да се изведат два типа симетрични инпут-аутпут табели: "производ по производ" и "дејност по дејност". Според препораките на ЕВРОСТАТ, Државниот завод за статистика составува симетрични инпут-аутпут табели "производ по производ".

| 3.5 | Статистичка единица |
|---|---|

| 3.6 | Статистичка популација |
|---|---|

| 3.7 | Референтна област |
|---|---|

НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија).

| 3.8 | Временска покриеност |
|---|---|

За 2005 и 2010 според ЕСС 95. За 2015 и 2020 според ЕСС 2010.

| 3.9 | Базен период |
|---|---|

| 4 | Единица на мерење |
|---|---|

мил. денари

| 5 | Референтен период |
|---|---|

Година (календарска година од 01.01. до 31.12.)

| 6 | Институционален мандат |
|---|---|

| 6.1 | Законски акти и други договори |
|---|---|

Закон за државната статистика

Програма за статистички истражувања, 2023-2027

Национални:
Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14 и 192/15) и Програма за статистички истражувања 2023-2027 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/23).

Европски: Регулатива (ЕУ) бр. 549/2013 на Европскиот парламент и на Советот

Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 724/2014 на Комисијата за стандардот за размена, во согласност со барањата на Регулативата (ЕУ) бр. 549/2013

Меѓународни: Систем на национални сметки 2008, EC/IMF/OECD/UN/WB, 2009
Европски систем на сметки ЕСС 2010, Евростат, 2013
Прирачник на Евростат за табели на понуда и употреба и Input -Output табели, Евростат, 2008

## 6.2 Споделување на податоци

Табелите се испраќаат (преку eDAMIS) до Евростат.

# 7 Доверливост

## 7.1 Доверливост - политика

http://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf

Податоците се индивидуални податоци, заштитени со Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx.
Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сè уште необјавени податоци. Политиката за статистичка доверливост http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=32 ги содржи основните начела што се применуваат во Државниот завод за статистика.

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за статистички цели.
При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување на статистичка доверливост.

# 8 Политика за објавување

## 8.1 Календар на објавување

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување кој се објавува на веб-страницата на Државниот завод за статистика.
Календарот на објавување се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година.

## 8.2 Пристап до Календарот на објавување

http://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Во согласност со политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници, кои се информираат од Календарот на објавување и ниеден корисник нема привилегиран третман.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Петгодишна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

http://www.stat.gov.mk/IOTabeli.aspx

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22

Во согласност со Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22, податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.

| 10.5 | Друго |
|---|---|

Податоците од табелите се испраќаат во Евростат и тие се објавени на веб-страницата на оваа институција.

| 10.6 | Документација за методологијата |
|---|---|

https://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=64

Методолошки објаснувања кои се дел од публикацијата „Симетрични input-output табели“

## 10.7 Документација за квалитетот

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx

http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=6

http://www.stat.gov.mk/pdf/Politika_za_kvalitet_mk.pdf

http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2

Посветеноста на Државниот завод за статистика за обезбедување квалитет на производите и на услугите е содржана во: Законот за државна статистика http://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx, Стратегискиот план на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=6, Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=24 како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот за работа на европската статистика http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2.
Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување квалитет се документирани во интерен документ Насоки за обезбедување квалитет на статистичките процеси.
Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот Упатство за менаџери на статистички истражувања.

## 11.2 Оценка на квалитетот

# 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Симетричните input-output табели се основа за input-output анализите. Тие ги опишуваат технолошко-економските односи во националната економија. Како аналитичко средство, input-output податоците се интегрирани во макроекономските модели со цел да се анализираат врските меѓу употребата и понудата, посебно помеѓу компонентите на финалната употреба и нивоата на индустриското производство. Input-output податоците исто така служат за бројни други аналитички цели поврзувајќи ги другите главни статистики (вработеност, капитал, енергија, околина) со системот на национални сметки.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Извештај од Анкетата за задоволство на корисниците, 2019 година

Државниот завод за статистика ја спроведува Анкетата за мерење на задоволството на корисниците http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=33. Оваа анкета е спроведена во 2009, 2012, 2015, 2017 и последната во 2019 година.

## 12.3 Комплетност

Комплетност на податоците на национално ниво = 100%.

Комплетност на податоците за Евростат = 100%.

## 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

## 13.2 Примерочни грешки

Не е применливо.

## 13.3 Непримерочни грешки

Не е применливо.

## 14 Навременост и точност

## 14.1 Навременост

T+1050.

## 14.2 Точност

Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување и навремено проследени/испратени до Евростат.

## 15 Кохерентност и споредливост

## 15.1 Географска споредливост

Податоците се споредливи на НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија). Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво.

## 15.2 Временска споредливост

За 2005 и 2010 година според ЕСС 95.

За 2015 и 2020 година година според ЕСС 2010.

## 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Меѓудоменска кохерентност е обезбедена. Се прават споредби со годишните податоци од националните сметки.

## 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство.

# 16 Трошок и оптовареност

# 17 Ревизија на податоците

## 17.1 Политика за ревизија на податоците

http://www.stat.gov.mk/pdf/revizii/PolitikaZaRevizija_mk.pdf

## 17.2 Практика за ревизија на податоците

Ревизија на податоците се прави со промена на Европскиот систем на сметки ЕСС95, ЕСС 2010, Системот на национални сметки СНС93, СНС2008, промените на Националната класификација на дејностите итн.

# 18 Статистичка обработка

## 18.1 Извори на податоци

Извор на податоци: табели за понудата и употребата на стоки и на услуги по основни цени.

## 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Годишна.

## 18.3 Прибирање на податоците

Податоците се прибираат по електронски пат, агрегирани на две шифри на производи, од табелите за понудата и употребата на стоки и на услуги по основни цени.

## 18.4 Проверка на податоците

Се прави математичка контрола и балансирање на збировите по колони и редови.

## 18.5 Компилирање податоци

## 18.6 Прилагодување

Не е применливо, не се врши прилагодување на временската серија.

## 19 Коментар

## A.1 Анекси